РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË
Бр.-Nr. 32-455/1
12.03 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЛИСТА
## на информации од јавен карактер на Државниот завод за статистика

I.1. Информации кои се доставуваат до барателите се:

1. Внатрешната организација на ДЗС (организациска шема);
2. Закони што ја регулираат областа на државната статистика и областа на Пописите;
3. Подзаконски акти донесени од директорот на ДЗС;
4. Стратешки документи, анализи и програми на ДЗС;

   -Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година,

   -Стратешки план на ДЗС, 2024-2026 година,

   -План за работа на Државниот завод за статистика во 2024 година,

5. Меѓународна активност на ДЗС;
6. Годишни извештаи за работата на Државниот завод за статистика;
7. Јавни набавки;
8. Меѓународни и домашни проекти;
9. Други документи и материјали согласно законските прописи:

   - Упатство за начинот на постапување при заштитено внатрешно пријавување;
   - Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор;
   - Процедура за уредување на постапка за лобирање во Државниот завод за статистика;
   - Годишен план за спречување корупција, 2022 година;
   - Годишен план за проценка на ризици од корупција, 2023 година;
   - Стратегија за управување со ризици.

10. Збирни податоци за лица според видот на работен однос;
11. Новости за тековните активности на ДЗС.

I.2. Информации кои не се доставуваат до барателите се:

1. Информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност;
2. Личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
3. Информација за архивско работење која е утврдена како доверлива;
4. Информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
5. Информација што се однесува на комерцијални и други економски интереси, чие давање ќе има штетни последици во остварување на функцијата на ДЗС;
6. Информација од документ што е во постапка на подготвување и се уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината;
7. Информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост;
8. Доверливи податоци според дефиниција утврдена во Законот за државната статистика;
9. Статистичките податоци кои ДЗС ги подготвува во форма на публикации, соопштенија и друг облик на публикување, како и барања за подготовка на статистички податоци по посебни барања и за кои е утврдена цена за публикување и обработка во Решението за цените на публикационите материјали.

Директор
Апостол Симовски